**Отворете ги прозорците**

# Поглед одвнатре

**март 2008**



**Лидија Крстевска Дојчиновска**
**Претседател**

Почитувани Соработници,

Изминатиов период беше период на реализирање на програмските активности во нашиот Центар, кој благодарејќи на поддршката која ја добивме од бизнис секторот, успеа успешно да функционира овие три месеци. Тимот на Отворете ги прозорците напорно работеше, се со цел да ја оправда нивната доверба и поддршка, која имаше големо значење во овој меѓупериод во кој чекавме одговор од другите донатори за 2008 година.

Овие три месеци работевме со 26 корисници со различен хендикеп, на возраст од 5 до 30 години. Во текстовите подолу и преку сликите сакаме да ви ја доближиме нашата работа, со надеж дека ќе биде поттик за сите да продолжат да бидат наши Кумови, но пред се наши Пријатели.

И уште еднаш би сакала сите вас да ве поканам да не посетите во нашите простории и лично да се запознаете со се она што ви го презентираме преку овој Билтен.

*Ви благодарам за довербата и поддршката.*




Изминатиов период, центарот Отворете ги прозорците активностите со корисниците ги насочи кон изработка на второто по ред списание „Јас и моето семејство". Корисниците беа вредни и секој од нив изработи семејно дрво, донесе фотографии од членовите на своето семејство и напиша краток текст. При подготовката на списанието корисниците научија како да ги скенираат семејните фотографии. Тоа за нив беше нова, но интересна активност која одлично ја реализираа. Следните фотографии илустрираат дел од работната атмосфера.







Од неодамна Отворете ги прозорците има нови пријатели. EVN го посети нашиот центар и донираше маси и столчиња за неговите потреби. Сега просторот има нов и поубав изглед.



Медикус Хелп и Мериан АС се погрижија корисниците при работата на компјутер да имаат правилна положба на телото и удобно седење. Столчињата, донација од Мериан АС, се одлично адаптирани со анатомски перничиња, клин кој не дозволува лизгање на телото и потпирач за нозе, подарок од Медикус Хелп.





# LIFE STORY



Во центарот на Отворете ги прозорците прв пат дојдов во Јули 2006 година. Поради моето оштетување на видот мислев дека никогаш нема да можам да работам на компјутер. Но оваа моја заблуда беше срушена. Таму со помош на стручниот тим и компјутерските адаптации (Лупата и Пристапните Опции) успеав да научам да користам Word и интернет. Истите потоа почнав самостојно да ги работам на мојот домашен компјутер.

Но вистинската корист од стекнатите информатички знаења во овој центар дојдоа до израз кога се вработив како дефектолог во Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ - Скопје. Работата на компјутер е речиси мое секојдневие, како дел од мојата работа како наставник. Исто така од стручниот тим на училиштето бев предложена заедно со другите колеги да бидам дел од обуката за компјутерско оценување - проект на Владата на Република Македонија.

На тој начин информатичките знаења стекнати во Отворете ги прозорците добија повеќекратна примена за зајакнување на мојата личност и за моето професионално надоградување како дефектолог....

Анета Нолева

# ИНОВАЦИЈА



Нов адаптиран уред во Иновативниот центар е одвоениот Клик кој се контролира со нога. Со неговата употреба се заменуваат функциите на копчињата на глувчето и тој може да се користи како лев, десен или дупли клик. Ја олеснува работата на лицата кои не можат да користат стандардно глувче. Игор беше љубопитен и го употреби во својата работа на компјутер.

Месец Март е месец на пролетта, цвеќето, жената. Нашите корисници сакаа да им приредат мало изненадување на своите мајки. Тие и овој пат го искористија своето знаење за работа на компјутер и Интернет во барањето на најубавата слика и пишувањето пораки за осмомартовските честитки.









# 8ми МАРТ